РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-72/7
02-07-2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21 и 58/24), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 31 седница одржана на 02.06.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет - Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет - Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2025/2026 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по Инженерство и технологија - област Наука за храна и технологии на прехранбени производи и нутриционизам /во меѓународен промет академски назив: Doctor of Engineering and Technology - field Food Science and Food Technology and Nutrition.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Инженерство и технологија, 4 Земјоделски и ветеринарни науки, Научно – истражувачко поле: 2.11 Друго инженерство и технологии, 4.05 Други земјоделски науки; потполе: 2.11.05 Прехранбено инженерство и технологии 4.05.03 Наука за храна. Научно - истражувачко област: 2.11.05.01 Наука за храна и технологии на прехранбени производи, 2.11.05.02 Прехранбено процесно и биотехнолошко инженерство, 2.11.05.03 Нутриционизам , 2.11.05.04 Технолошка микробиологија и санитација, 2.11.05.05 Технологија и техника на пакување, 2.11.05.06 Управување со квалитет и безбедност на прехранбени и биотехнолошки процеси, 2.11.05.07 Друго, 4.05.03.01 Квалитет и безбедност на храна, 4.05.03.02 Нутриционизам, 4.05.03.03 Друго.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф.д-р Анка Трајковска – Петкоска, проф. д-р Горица Павлоска, проф. д-р Валентина Велковски, проф. д-р Весна Knights, проф. д-р Татјана Калевска, проф. д-р Даниела Николовска – Неделкоска, проф. д-р Викторија Стаматова, проф. д-р Татјана Блажевска, проф. д-р Везирка Јанкулоска, проф. д-р Зора Узуноска, проф. д-р Драган Дамјановски.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 14-1585/7-2 од 26.12.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Иновативни технологии за храна и нутриционизам", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Технолошко - технички факултет - Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-85/2 од 16.01.2025 година (наш бр. 08 - 72/1 од 22.01.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 21-та седницата одржана на 22.01.2025 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 72/6 од 03.06.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 31-та седница одржана на 02.06.2025 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Маријан Ѓуровски